ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
До: МЕДИУМИТЕ
Дата: 14 .01.2011

# ИНФОРМАЦИЈА ДО МЕДИУМИТЕ

Информационен систем за контрола на плаќања на ЈЗУ во Р.Македонија (ПЦИС)

Почитувани,

Воведувањето на трезорското работење на Фондот за здравствено осигурување на Македонија(ПЦИС), од 1 јануари 2011 година, обезбедува контрола на трошоците на јавните здравствени установи според дефинирани годишни буџети, активности и планови.

**Самиот контролен механизам на ПЦИС отфрли две трансакции бидејќи не биле планирани од страна на болниците и помести една трансакција за плаќање во нареден работен ден поради немање доволно средства на сметка на болницата.**

**Успешното имплементирање се потврди, во периодот од 01.01.2011 година до денес низ трезорот во ФЗОМ беа остварени 360 трансакции со вредност од 200 милиони денари.**

Воведувањето на унифициран, поврзан, стабилен и транспарентен систем на контрола на плаќањата во јавните здравствени установи беше како неопходна потреба заради ефикасно, ефективно, економично и наменско користење на финансиските средства остварени по основ на задолжително здравствено осигурување.

Бранко Аџигогов
Портпарол